ПРАКСИС
Број на Службен весник:182/2011
Датум на објава на Службен весник:28.12.2011
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 51-г став (3) од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија„ бр. 135/07, 18/11 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ, ОРАНЖЕРИЈА ИЛИ ОБЈЕКТ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ, ОРАНЖЕРИЈА ИЛИ ОБЈЕКТ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи во рокот утврден во член 51-г став (1) од Законот за земјоделското земјиште.

### Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради неиздавање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи “, во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

### Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. 02-13039

16 декември 2011 година | Министер,

Скопје | Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

ДО
Писарницата на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство

БАРАЊЕ

заради неиздавање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи

Од________________________________________________

(назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице-подносител на барањето)

________________________________________________

( седиште на правното лице/адреса на физичкото лице-подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам, согласно рокот утврден во член 51-г став (4) од Законот за земјоделското земјиште, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по барањето за издавање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи поднесено под број __________________ од ______________ до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, чија копија ви ја доставувам во прилог.

Датум и место на поднесување ______________________

Барател ______________________.